24.07.2013

Данило С. Јаниќевиќ, адвокат
Ненад Д. Јаниќевиќ, адвокат
Ана С. Ѓорѓиевска, адвокат
Ивица С. Димитриев, адвокат
Љубица Пановска Стојановски адвокат

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ЈАНИЌЕВИЌ

ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП
Примено
22.07
2
8174309551

ВПП2 Г.бр.15/13

ПРЕКУ
ОСНОВЕН СУД ШТИП

ДО
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

**ДОВЕРИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина 24.03.1976 година , со живеалиште на ул. Рхеиналлее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030**

**ДОЛЖНИК: Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, управител Верица Љуботенска ул.Ванчо Прке бр.Д2/А-9 Штип со ЕМБГ 1105955495004,e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk**

**ОСНОВ: привремена мерка**

**ВРЕДНОСТ: 40.000,00 денари**

# Ж А Л Б А

**Од доверителот Владислав Михаилович Втулкин против решение ВПП2 Г.бр.15/13 од 10.07.2013 година на Основен суд Штип**

Со решение ВПП2 Г.бр.15/13 од 14.05.2013 година на Основен суд Штип предлогот на доверителот за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување се одбива како неоснован, а се задолжува доверителот да му ги надомести на должникот трошоците по постапката во износ од 42.145,00 денари, во рок од 8 дена по правосилноста на решението.

Доверителот незадоволен од ваквото решение со кое се одбива предлогот за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување, ја поднесува оваа жалба во законскиот рок, а од следните причини:

1. ***Суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од чл.343 став 2 т.14 од ЗПП***
2. ***Погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба***
3. ***Погрешна примена на материјалното право***,
4. ***Трошоците на постапката***

Па од тие причини доверителот предлага Апелациониот суд Штип како надлежен второстепен суд жалбата на доверителот Владислав Михаилович Втулкин да ја уважи, решението ВПП2 Г.бр.15/13 од 10.07.2013 година на Основен суд Штип да го укине и предметот да го врати

на повторно разгледување и одлучување на првостепениот суд или да го преиначи во смисла што го усвои предлогот за привремена мерка и задолжи должникот со трошоците на постапката.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Првостепениот суд со решението ВПП2 Г.бр.15/13 од 10.07.2013 година сторил суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од чл.343 став 2 т.14 од ЗПП, во смисла што решението има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено што изреката на решението е неразбирлива, причините за решителните факти се нејасни и противречни, и за решителните факти постои противречност меѓу она што во причините на решението се наведува за содржината на исправите и записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи и записникот.

Имено, **првостепениот суд при донесувањето на побиваното решение воопшто не ги земал предвид правните напатствија на Апелациониот суд Штип дадени во решението ГЖ.бр.877/13 од 12.06.2013 година, каде јасно е наведено дека се сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, со сигурност не се утврдени решителните факти, ниту ги зел предвид фактите дека лицето Ристе Љуботенски му предизвикал штета на доверителот и тоа уште од самиот почеток на деловната соработка со тоа што со преземање на повеќе меѓусебно поврзани противправни дејствија го држел во заблуда дека во друштвото е содружник со 50% од основачкиот влог, а всушност бил со 49%.** Исто така не се земени предвид укажувањата на повисокиот суд дека постои реална опасност во конкретниот случај од понатамошно отуѓување на материјални средства и залихи на друштвото што е евидентно и од Информацијата за економско- финансиската состојба на должникот дадена од Централниот регистар на РМ. При повтороното постапување првостепениот суд несомнено морал да ги отстрани констатираните суштествени повреди на постапката, при што морал да ги има во предвид укажувањата на повисокиот суд и истовремено со сигурност да утврди дали се исполнети законски предвидените услови за издавање на привремена мерка согласно чл.33 став 1 од Законот за обезбедување на побарувањата.

Наместо тоа, првостепениот суд со цитирање на наводите на полномошникот на должникот на кои им е посветен значително поголем простор за разлика од наводите на полномошникот на доверителот, кои се сведени на минимум, повторно во одбрана на своето претходно решение кое веќе е укинато, се одлучува да не го усвои предлогот за привремена мерка на доверителот, а без утврдување на решителните факти и надвор од правилата на постапката. Очигледно дека за првостепениот суд доволни и убедливи биле вербалните наводи на полномошникот на должникот, на кои во целост им поклонува верба, а сите докази, наводи и факти презентирани од полномошникот на доверителот за првостепениот суд се само голи и непоткрепени наводи, а особено тоталното игнорирање на напатсвијата на повисокиот суд.

Меѓутоа со ваквото стојалиште на првостепениот суд воопшто не се согласуваме и причините за оваа жалба се токму во конфузното образложение, каде судот ги наведува причините за донесување на решение со кое се одбива предлогот за привремена мерка, иако доверителот го стори веројатно постоењето на опасноста дека остварувањето на неговото побарување должникот ќе се осуети или значително отежне од причина што должникот со своето однесување, а што е очигледно од приложената Информација за економско финансиската состојба и скратен исказ од годишни сметки со оценка за работењето за 2011 год. на Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип од каде е евидентно дека се врши отуѓување, односно намалување на капиталот-материјалните средства на друштвото и тоа во значителен обем со што константно и директно му се нанесува штета на доверителот кој вложил свој капитал во ИМАКО ДОО Штип, а кој поради противзаконитиот начин на пренос на удел повеќе не може да располага ниту има било каков пристап до финансиската документација на друштвото. Таквото располагање со имотот на должникот преставува нормален тек на работите кои се во согласност со секојдневното работење на должникот за негов опстанок, а фактот дека должникот имал и содружник- сега доверителот, кој сега никаде не евидентира и кој нема пристап ниту до друштвото, уште помалку до капиталот и

приходите, тоа не е повреда за судот и не е доволна причина да биде изречена и оправдана привремената мерка. Ваквиот став на судот во голема мера е субјективен, пристрасен и неоснован, и затоа ваквото решение и неговото образложение во никој случај не можат да опстојат.

Првостепениот суд со контрадикторни наводи сака да го оправда своето решение, па прво наведува дека доверителот не доставил никаков оригинален доказ, односно документ според кој што судот можел да утврди дека навистина договорот за деловно техничка финансиска соработка од 13.11.2004 година е навистина реализиран, за да веднаш потоа констатира на страна 7 од решението дека од увидот во договор за основање на ДОО од 18.11.2004 година судот утврди дека бил склучен ваков договор помеѓу нив, според кој што основната главнина на друштвото изнесува 5.100 евра, односно во денарска противредност изнесува 312.400,00 денари, а содружниците учествувале во соодносот 51% спрема 49% и понатаму како стои во решението. Со ваква противречност и конфузност во побиваното решение, не може да се испита самото решение, односно неговата законитост и исправност. За судот како да не е релавантен доказ Информацијата за економско финансиската состојба и скратен исказ од годишни сметки со оценка за работењето за 2011 год. на Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, кој што е издаден од релевантна државна институција, па дури не се впушта ни во негова оценка, што е голем пропуст на страната на судот и суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, со голема контрадикторност и конфузност.

Доколку судот извршел правилна оценка на сите докази поединечно и на сите докази заедно согласно чл.8 од ЗПП, несомнено ќе утврдел дека сите дејствија на должникот, како и на единствениот содружник Ристе Љуботенски, се насочени кон осуетување на побарувањето на доверителот, и му предизвикуваат штета, затоа што е очигледно дека се врши отуѓување, односно намалување на капиталот-материјалните средства на друштвото, уште повеќе што тоа е во значителен обем, а на штета на доверителот кој несомнено вложил свои парични средства.

Судот наместо правилно да ја утврди фактичката состојба, сосема погрешно наведува дека не се приложени докази за докажување на веројатноста на постоењето на побарувањето, како и дека доверителот многу повеќе се осврнал на начинот на склучувањето на договорите на донесените одлуки и постапките кои што биле и ќе биле поведени против лицето Ристе Љуботенски од Штип. Се поставува прашањето како може за првостепениот суд да не е доволен показател за штетните дејствија на должникот информација за економско финансиската состојба и скратен исказ од годишни сметки со оценка за работењето за 2011 год. на Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, фактот дека поради противзаконитиот начин на пренос на удел доверителот повеќе не може да располага ниту има било каков пристап до финансиската документација на друштвото, поради што е поднесено и барање за обезбедување на докази, како и кривична пријава. **Ова особено да се има предвид дека двете друштва во кои содружник е лицето Ристе Љуботенски имаа ист единствен даночен број, што се потврдува со документ издаден од Управата за јавни приходи.**

***Доказ: Потврда од УЈП (во списите на предметот)***

Судот оправдание во ваквото свое решение наоѓа во фактот дека од сите останати и изведени докази во постапката споровите кои што настанале помеѓу странките можат да ги расчистат во текот на други постапки со поднесување на тужби со соодветни основи, но дека во конкретната ситуација условите за донесување на привремена мерка не не се исполнети. Точно е дека доверителот може со поднесување на други постапки да ги расчисти односите меѓу странките, како што е точно и дека такви постапки се веќе поведени, но за поведување на тужба, секако дека може да се оправда донесувањето на привремена мерка за обезбедување на побарувањето на доверителот, а целта на ваквата мерка, како што кажува и самиот назив е обезбедување на побарувањето на доверителот, како и реалната опасност дека должникот ќе ја осуети или значително отежни наплатата на побарувањето како втор кумулативен услов предвиден во ЗОП за дозволување на привремена мерка.

ул.Кочо Рацин 38/1-5 1000 Скопје, Македонија тел/факс: ++389 2 3166 629
janicevic.advokati@gmail.com

Доверителот достави докази кои успеа да ги обезбеди и кои повеќе од јасно укажуваат на основаноста на предлогот, односно јасно и недвосмислено се гледаат вложувањата лично од страна на доверителот за сметка на ИМАКО ШТИП кој според официјалниот документ издаден од страна на УЈП има ист даночен број со должникот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип. **Од истите јасно се гледа дека лично предлагачот уплаќал поголем износ на парични средства према бугарската фирма ПИМ ООД и тоа за опрема која е испорачана на ИМАКО ШТИП за периодот од 2003-2008 год. во вкупна вредност од 1.442.311 евра, со прилог за тоа како се уплаќани паричните средства. Исто така доставен е доказ известување од фирмата ДЕЛЛА ТОФФОЛА од каде потврдуваат дека од страна на доверителот Владислав Михаилович Втулкин е направен трансфер на парични средства во нивна корист во износ од 797.152,18 евра и тоа за испорака на опрема према ИМАКО ВИНО ул.Генерал Михајло Апостолски бр.35/2 200 Штип. Сите овие средства ги исплаќал доверителот лично, а во смисла и на договорот, а кој имот сега во сопственост на противникот сега се отуѓуваат.** Но, за првостепениот суд ниту ова не е доказ, кој би укажувал на основаноста на предлогот за привремена мерка, за кои докази укажува дека ги ценел, но не можел да утврди за какво плаќање и за каква опрема станува збор. Ете токму тука повторно „потфрла„ првостепениот суд каде повторно не се впушта во утврдување на решителните факти што е негова должност и обврска, туку летаргично зема дека не можел да утврди, па врз основа на тоа што неможе да утврди и не му е јасно, тогаш не е доволно убедително!

***Доказ:***

***Известување од ПИМ ООД Бугарија до предлагачот од 11.04.2008 год. со прилог бр.1 исто така од 11.04.2008 год. со поединечни износи***

***Известување од ДЕЛЛА ТОФФОЛА со поединечни износи за банкарски трансфер (во списите на предметот)***

Доверителот го стори веројатно побарувањето со приложените докази, а судот неправилно утврдува дека не се доставени докази дека Договорот за за деловно техничка и финансиска соработка бил реализиран. Имено, видно од приложениот договор од 13.11.2004 година е дека предмет на договор е деловно техничка и финансиска соработка во производството и прометот со грозје и вино и дека лицето Ристе Љуботенски како сопственик на друштвата ДООЕЛ ИМАКО и ДООЕЛ ИМАКО ВИНО се согласува доверителот Владислав Михаилович Втулкин да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот.

Со тоа, доверителот требало да влезе како содружник во двете друштва ДООЕЛ ИМАКО и ДООЕЛ ИМАКО ВИНО и тоа со 50% од вредноста на капиталот и да ги преземе сите обврски како содружник согласно ЗТД. Меѓутоа наместо тоа, лицето Ристе Љуботенски неовластено и со злоупотреба на својата положба, наместо сооднос од 50% наспрема 50%, изготвил документација во која навел дека содружникот Владислав Михаилович Втулкин пристапува со 49% во вкупниот основачки влог, што не е според договореното меѓу договорните страни, а за што доверителот приложи докази како договор за основање на ИМАКО ДОО Штип од 18.11.2004 год, Одлука за пристапување на содружник бр.49-04 од 18.11.2004 год. и изјави по член 256 од ЗТД од двајцата содружници Љуботенски Ристе и доверителот. Судот не ги ценел цитираните докази и извел погрешен заклучок дека не се доставени докази за да се види дали е реализиран договорот. Договорот не е реализиран во делот на условите кои биле договорени, затоа што во спротивно и постапките кои се поведени против должникот, и оваа привремена мерка би биле безпредметни.

Но сепак, фактичката состојба е поинаква од онаа што ја утврдил првостепениот суд, односно првостепениот суд сосема погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба, што резултирало повторно со донесување на вакво неосновано решение. Со преземените дејствија лицето Ристе Љуботенски, кое е единствен содружник во друштвото и неговите дејствија директно се рефлектираат на односите помеѓу доверителот и должникот, неовластено извршил пренос на уделот од Трговското друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип на Ристе Љуботенски, кој се јавува сега како единствен содружник на должникот ИМАКО ВИНО

ДООЕЛ Штип. И за поткрепа на овие наводи се приложени докази, но првостепениот суд не се впуштил ниту во оценување на овие докази, а тоа се Договор за пренос на удели од 30.07.2009 год. и Одлука за истапување и пристапување на содружник од 30.07.2009 год.

Доколку првостепениот суд правилно ги ценел доказите НЕСОМНЕНО ЌЕ УТВРДЕЛ ДЕКА СИТЕ ДЕЈСТВИЈА НА ДОЛЖНИКОТ, КАКО И НА ЕДИНСТВЕНИОТ СОДРУЖНИК РИСТЕ ЉУБОТЕНСКИ, СО ПРЕНОСОТ НА УДЕЛИ, СЕ НАСОЧЕНИ КОН ОСУЕТУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊЕТО НА ДОВЕРИТЕЛОТ, И ДЕКА ИСТИТЕ МУ ПРЕДИЗВИКУВААТ ШТЕТА, ЗАТОА ШТО ПОВЕЌЕ ОД ОЧИГЛЕДНО Е ДЕКА СЕ ВРШИ ОТУЃУВАЊЕ ОДНОСНО НАМАЛУВАЊЕ НА КАПИТАЛОТ-МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО, УШТЕ ПОВЕЌЕ ШТО ТОА Е ВО ЗНАЧИТЕЛЕН ОБЕМ, А НА ШТЕТА НА ДОВЕРИТЕЛОТ КОЈ НЕСОМНЕНО ВЛОЖИЛ СВОИ СРЕДСТВА.

ИСТО ТАКА , ВТОРОСТЕПЕНИОТ СУД ПРАШУВА КАКО НЕ Е ЈАСНО И КАКО НЕ Е ДОВОЛЕН ПОКАЗАТЕЛ ЗА ШТЕТНИТЕ ДЕЈСТВИЈА НА ДОЛЖНИКОТ ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА И СКРАТЕН ИСКАЗ ОД ГОДИШНИ СМЕТКИ СО ОЦЕНА ЗА РАБОТЕЊЕ ЗА 2011 ГОД. КАДЕ Е ЕВИДЕНТНО ДЕКА СЕ ВРШИ ОТУЃУВАЊЕ, ОДНОСНО НАМАЛУВАЊЕ НА ИМОТОТ НА ДОЛЖНИКОТ

СЕТО ОВА ГО УТВРДИЛ ВТОРОСТЕПЕНИОТ СУД ВО СВОЕТО РЕШЕНИЕ!!

По однос на постоење на кривична пријава од доверителот против лицето Ристе Љубoтенски и други инволвирани лица, која укажува не само на противзаконитите дејствија на единствениот содружник на должникот, туку и на сериозноста на неговите дејствија и колку тие го погодуваат доверителот, што несомнено треба да има разрешница и во кривична постапка, ниту овој доказ не бил доволен и утврдителен за првостепениот суд, особено што со своите дејствија ја искористил својата положба на одговорно лице и противправно го исклучил доверителот од друштвото ИМАКО ДОО Штип кое се јавувало како содружник на должникот ИМАКО ДООЕЛ Штип и со тоа му предизвикал штета на доверителот и тоа уште од самиот почеток на деловната соработка со тоа што со превземање на повеќе меѓусебно поврзани противправни дејствија го држел во заблуда дека во друштвото доверителот е содружник со 50% во вкупниот основачки влог.

**Не е доволно што во судска постапка за обезбедување на докази доверителот УСПЕАЛ да направи увид во книговодствената евиденција, како што настојува првостепениот суд. Зарем тоа е начинот на кој што треба да ги остварува доверителот своите права, ако се односите меѓу странките нормални и ако тој имал дозвола за увид во било кое време, како што се обидува да докаже полномошникот на должникот, а првостепениот суд го потврдува. Зарем би била потребна таа или било која друга мерка или постапка, доколку навистина доверителот не е оневозможен во остварувањето на своите законски загарантирани права? И наместо судот да ги брани и штити тие права, судот ги спречува и уште повеќе оневозможува.**

Неосновано се повикува судот дека доверителот не доставил конкретен предлог за донесување на привремената мерка, а што не е пропуст на доверителот, туку судот е тој ги утврдува фактите, а од сето она штого доставил доверителот како доказ, за судот е нејасно или од тој доказ не може нешто да утврди.

**Доверителот ја докажа основаноста на својот предлог за издавање на привремена мерка, оправданоста од издавањето на ваква мерка, со оглед на тоа што постои реална опасност од понатамошно отуѓување на материјалните средства и залихите на друштвото, што е евидентно и од информацијата за економско финансиската состојба на должникот издадена од ЦР на РМ.**

Поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, судот неправилно го применил материјалното право согласно чл.33 ст.1 од ЗОП, кога не нашол дека се исполнети условите за изрекување на привремена мерка. Доверителот со сите приложени докази го стори веројатно своето побарување и истовремено и опасноста дека инаку остварувањето на побарувањето ќе се осуети или значително отежне, затоа што должникот преземал дејствија кои директно упатуваат на

ул.Кочо Рацин 38/1-5 1000 Скопје, Македонија тел/факс: ++389 2 3166 629
janicevic.advokati@gmail.com

неговата намера да го намали имотот на должникот, а што е констатирано и до страна на второстепениот суд, кои укажување првостепениот суд воопшто не ги ценел, ниту ги земал предвид во одлучувањето, иако јасно е укажано дека судот морал да ги земе предвид сите докази, да ги утврди правилно сите решителни факти и да ги отстрани констатираните суштествени повреди. Судот е доведен во заблуда и му поклонува верба само и единствено на полномошникот на должникот, иако во наводите има многу контрадикторности и нејаснотии, како на пример дека должникот треба да исплати плати на 60 вработени, а тој всушност има пријавено само тројца вработени, што е голем апсурд, затоа што фирма со толкав обрт на средства и капитал како што истакнува должникот, не е логично да опстојува само со тројца вработени, што укажува дека навистина должникот не ја прикажува реално фактичката состојба и сака и судот да го доведе во заблуда, што и го сторил, што е уште еден дополнителен факт за да привремената мерка биде усвоена, а доверителот не трпи понатамошна штета.

Судот неправилно ги одмерил и трошоците кои му ги досудил на должникот, на што основано приговараме, со оглед на износите кои се прифатени од судот и зголемени за 18% ДДВ.

Сметаме дека се исполнети условите за донесување на привремена мерка од чл.34 ст.1 од ЗОП, па затоа предлагаме жалбата на доверителот да биде усвоена, како е предложено во предлогот погоре, а должникот да се задолжи со трошоци на постапката, како и по оваа жалба, за состав на жалба 14.040 денари и за судска такса за жалба по одмерување на судот.

**Скопје, 19.07.2013 год.** **за доверител, полномошник:**

Адвокатска канцеларија ЈАНИЋЕВИЋ
Данило С. Јаниќевиќ адвокат
Ненад Д. Јаниќевиќ адвокат

**Трошковник:**
**1.за состав на жалба 14.040,00 денари**
**2. судска такса за жалба по одмерување на судот**